6. II. 1989


# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 1 февруари 1989
Скопје
Број 3 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 40.000 динари. Овој број чини 300 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


17.

Врз основа на член 393 точка 4 од Уставот на СР Македонија, а во врска со член 6-а од Законот за прометот на стоките и услугите во прометот на стоки („Службен весник на СРМ“, бр. 44/77, 6/79 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ РЕДОВНО СНАБДУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СО ЛЕБ ОД МЕШАНО БРАШНО

1. Во Уредбата за обезбедување редовно снабдување на потрошувачите со леб од мешано брашно („Службен весник на СРМ“, бр. 32/88, 34/88, 37/88 и 47/88 во точка 3 бројот „1.200,00“ се заменува со бројот „1.440“, а бројот „960“ со бројот „1.160“.

2. Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 23-296/1
1 февруари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

18.

Врз основа на Општествениот план на СР Македонија за периодот од 1986 до 1990 година, втор дел, глава III, точка 4.3. став втори и Програмата на мерки на економската политика во 1989 година, точка 1.2. а во врска со член 393, точка 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија на седницата одржана на 27 јануари 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОБЕМОТ, НАМЕНИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАЈНИ ИЗВОРИ НА ОБРТНИ СРЕДСТВА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст: средствата на Фондот на федерацијата) што СР Македонија во 1989 година ќе ги оствари врз основа на задолжителен заем, 20% ќе се користат за обезбедување трајни извори на обртни средства на организациите на здружениот труд.

Член 2

Средствата на Фондот на федерацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се насочат:

— најмалку 60% за обезбедување трајни извори на обртни средства за поддршка на програми на организациите на здружениот труд од пропулзивните гранки на индустријата, поледелството, овчарството и говедарството вклучително и организациите на здружениот труд со верифицирани програми за економско-финансиската консолидација;

— 20% на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта;

— до 8% за обезбедување трајни извори на обртни средства на програмите на организациите на здружениот труд од наменското производство;

— до 8% за обезбедување трајни извори на обртни средства на програмите на организациите на здружениот труд од областа на малото стопанство; и

— до 4% за обезбедување трајни извори на обртни средства на програмите на организациите на здружениот труд за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди.

Член 3

Намените на средствата од член 2, алинеја втора на оваа Одлука, со посебен акт, поблиску ќе ги утврди Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта.

Член 4

Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, од средствата на Фондот на федерацијата од член 1 на оваа Одлука ќе одобрува кредити на организации на здружениот труд чии програми се вклопуваат во насоките за преструктуирање на стопанството, како и програмите кои на трајна основа обезбедуваат економско-финансиска консолидација на организацијата.

Критериумите од став 1 на овој член поблиску ќе ги утврди Стопанска банка — Здружена банка — Скопје.

Член 5

Износот на кредитот од средствата на Фондот на федерацијата од член 4 на оваа Одлука ќе изнесува до 30% од необезбедените обртни средства со трајни и долгорочни извори, односно до 50% од потребните обртни средства за новите инвестициони програми на организациите на здружениот труд.

Банките ќе одобруваат кредити од средствата на Фондот на федерацијата за трајни извори на обртни средства, доколку на организациите им обезбедат кредити од своите долгорочни средства во висина од најмалку 50% од износот на кредитот што ќе го одобрат од средствата на Фондот на федерацијата.

Член 6

Кредитите од средствата на Фондот на федерацијата за обезбедување трајни извори на обртни средства ќе им се одобруваат на крајните корисници врз основа на оглас, односно конкурс, а според поблиску определени критериуми и услови од член 4 на оваа Одлука што ќе ги утврди Стопанската банка — Здружена банка — Скопје.

Огласот, односно конкурсот од став 1 на овој член, Стопанската банка — Здружена банка — Скопје, ќе го објави во рок од најмногу еден месец од денот на донесувањето на оваа одлука.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-238/1
27 јануари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Влашки,** с. р.

19.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирање на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија, донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија бр. 23-1822/1 од 19. IX. 1988 година, точката 2 се менува и гласи:

„2. Позајмицата од точка 1 на оваа одлука на Општината Кавадарци, ќе се врати до 31 март 1989 година“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-283/1
30 јануари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Влашки,** с. р.

20.

Врз основа на член 45, став 3 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“, бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ ДА ОДОБРУВА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ТЕКОВНАТА БУЏЕТСКА РЕЗЕРВА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Се овластува Републичкиот секретар за финансии да одобрува користење на средства од тековната буџетска резерва на Републичкиот буџет за 1989 година, кои по одделни барања не го надминуваат износот од 2.500.000 динари.

2. За користење на средствата од точка 1 на ова решение, Републичкиот секретар за финансии му поднесува повремени извештаи на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-256/1
27 јануари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Влашки,** с. р.

21.

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 42/77), а по претходно мислење на Народната банка на Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1988 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за продолжување на важноста на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1988 година („Службен весник на СРМ“, бр. 50/88), во членот 1 зборот „јануари“ се заменува со зборот „февруари“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-315/1
1 февруари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 251 од 14. VII 1988 година, на регистарска влошка бр. 94, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето и промената на лицето овластено за застапување на Регионалната самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на Југозападниот здравствен регион — Охрид, со следните податоци: Промената на седиштето на Регионалната самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на Југозападниот здравствен регион од Битола во Охрид.

Лице овластено за застапување е Наумоски Ѓорѓи, секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 251/88. (360)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 900 од 25. VII. 1988 година, на регистарска влошка бр. 2-1-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Земјоделската задруга „Брестовица“ со О. Суб. О. на ОЗО и ООЗТ Брест — Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Гариќ Ратомир, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Неби Биљал, в. д. директор, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 900/88. (242)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1238 од 9. XI. 1988 година, на регистарска влошка бр. 3-1447-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Заедницата за вработување со целосна одговорност, Куманово, ул. „Т. Велков" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Цветковиќ Драгомир, секретар без ограничување а се запишува новиот застапник Серафимовски Чедомир, секретар без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1238/88. (343)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1041 од 19. IX. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-1879-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Центарот за култура, информации и образование „Кочо Рацин", Ц. О., Кичево, ул. „Маршал Тито" бб, со следните податоци: Досегашниот директор Мито Спасески, се запишува како в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1041/88. (344)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1151 од 14. X. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-1744-20-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за основно воспитние и образование „Карпош" О. Сол. О со ООЗТ — Скопје, ООЗТ ЦОУ „Дрита", с. Рашче, Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот директор Абедин Кроси, а се запишува Музефер Муртезани, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1151/88. (345)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1186 од 7. XI. 1988 година, на регистарска влошка бр. 2-1053-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Занаетчиско браварската задруга „4 Јули" Р. О., Скопје, ул. „Ѓуро Ѓоновиќ" бр. 115, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник в. д. Борче Велковски, а се запишува Петровски Драгољуб директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1186/88. (346)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1219 од 4. XI 1988 година, на регистарска влошка бр. 3-1999-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Здружената самоуправна интересна заедница на станувањето на град Скопје, Ц. О. Скопје, ул. „Пиринска" бр. 138, со следните податоци: Се брише досегашниот секретар Филип Ѓурчиновски, а се запишува Петар Дилевски, в. д. секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1219/88. (347)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 839 од 1. XI. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Медицинскиот факултет О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, при Универзитетскиот центар за медицински науки, ул. „50 Дивизија" бр. 6, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник проф. д-р Бранислав Никодијевиќ, декан- а се запишува новиот застапник проф. д-р Кирил Велков, декан, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 839/88. (348)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1228 од 4. XI. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Медицинскиот факултет О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, при Универзитетскиот центар за медицински науки, ул. „50 Дивизија" бр. 6, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник проф. д-р Кирил Велков, декан без ограничување, а се запишува новиот застапник, проф. д-р Милан Јовановски, декан, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1228/88. (349)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 825 од 4. XI. 1988 година, на регистарска влошка бр 2-1772-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на основната дејност, бришењето на стари и пристапувањето на нови членови на Монтажно инсталатерската задруга „Хидровод", Р. О., Скопје, ул „Огњен Прица" бб, општина Кисела Вода, со следните податоци: Се запишува бришењето на старите членови: Ангелов Павле; Тасев Славко; и Весел Муамед, а се запишува пристапувањето на новите членови: Славковски Трајан и Клинчаревски Георги.

Се запишува проширувањето на основната дејност со:

174 — ѕидарска и фасадерска; 177 — покриварска; 181 изработка и ставање на подови со вештачки смеси и 183 — печкарска-керамичарска (поставување на печки и плочки).

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 825/88. (350)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 396 од 7. XI. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-1079-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата и на лицето овластено за застапување со следните податоци: Се запишува промената на фирмата на Централното основно училиште „Вера Јоциќ", Маџари I, Скопје, со целосна одговорност, ул. „Берска" бб, се менува и во иднина ќе гласи: Основно училиште Вера Јоциќ", Ц. О., Скопје, ул. „Берска" бб, Скопје.

Се брише досегашниот застапник Стојчевски Драган, директор, а се запишува новиот застапник Драгица Муцевска, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 396/88. (351)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1185 од 7. XI. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-2269-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на фондот под фирма: Универзитет „Кирил и Методиј" — Скопје, Фонд „Петар Стаматов", Ц. О., Скопје, булевар „Крсте Мисирков" бб.

Фондот е основан со одлука на Универзитетскиот совет од 1 април 1988 година.

Основни дејности:

Стипендирање на студенти кои покажуваат особени успеси во студиите.

Фондот во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Фондот одговара со сите свои средства.

Лица овластени за застапување се: проф. д-р Методија Трајковски, ректор, проф. д-р Андреја Спасов, проректор на Универзитетот и Душко Сековски, генерален секретар на Универзитетот.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1185/88. (352)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 666 од 14. VII. 1988 година, на регистарска влошка бр. 3-2243-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на СИЗ под фирма: Самоуправна интересна заедница за патишта на општината Центар, Скопје, Ц. О.

Основни дејности:

— договарање и самоуправно спогодување за прашањата од заеднички интерес на корисниците и давателите на услуги на патиштата;

— обезбедување учество на корисниците на патиштата за одржување и заштита и развој на патиштата;

— здружување на средствата на корисниците на патиштата за одржување и развој на локалните и некатегоризираните патишта на подрачјето на општината;

— управува со локалните и некатегоризираните патишта на подрачјето на општината;

— обезбедување заедничка политика и усогласување на активностите на сите субјекти на планот на општонародната одбрана и општествената самозаштита во спроведувањето на мерките предвидени со Законот за општонародна одбрана, плановите и одлуките на општината.

Во правниот промет со трети лица СИЗ истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица СИЗ одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Цена Спироска, секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 666/88. (353)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 328 од 1. X. 1988 година, на регистарска влошка бр. 122 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Виша земјоделска школа — Битола, со следните податоци: Лице овластено за застапување на РО е Богданов Петар, директор, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Велјан Велјановски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 328/88. (354)

---

Окружниот стопански суд во Битола со решението Срег. бр. 331 од 4. X. 1988 година, на регистарска влошка бр 547, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Технички факултет — Битола, со следните податоци: Лице овластено за застапување е ред. проф. д-р Александар Силјановски, в. д. декан, со неограничени овластувања (досегашен декан).

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 331/88. (335)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 363 од 21. X. 1988 година, на регистарска влошка бр. 321, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Медицински центар „д-р Трифун Пановски“ — Битола, со следните податоци: Лице овластено за застапување на РО е д-р Владимир Белевски, претседател, на колегијален работоводен орган.

Му престанува овластувањето на д-р Јован Аврамовски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 363/88. (356)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр 351 од 14. X. 1988 година, на регистарска влошка бр. 663, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Центар за унапредување на индивидуалното земјоделство“ „Развој“ — Крушево, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Бојоски Бранко, директор, со овластувања према член 10 од Самоуправната спогодба за здружување на трудот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 351/88. (357)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 358 од 19. X. 1988 година, на регистарска влошка бр. 533, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Спортско рекреативниот центар „Билјанини Извори“ — Охрид, со Ц. О. со следните податоци: Лице овластено за застапување на РО е проф. Ристо Трајкоски в. д. директор.

Му престанува овластувањето на Мишевски К. Павел.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 358/88. (358)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 250 од 11. VII. 1988 година, на регистарска влошка бр. 40, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на СИЗ Самоуправна интересна заедница за вработување — Прилеп, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Салатоски Митко, секретар, без ограничување.

Му престанува овластувањето на Цветаноски Димче.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 250/88. (361)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 261 од 22. VII. 1988 година, на регистарска влошка бр. 151, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Ветеринарна станица — Ресен, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Спасе Арсов, в. д. директор.

Му престанува овластувањето на Волкановски Стефо.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 261/88. (362)

---

## СОДРЖИНА


17. Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за обезбедување редовно снабдување на потрошувачите со леб од мешано брашно — — — — — — — — — — 41
18. Одлука за обемот, намените и начинот на користење на дел од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за обезбедување трајни извори на обртни средства на организациите на здружениот труд во 1989 година — — — — — — 41
19. Одлука за измена на Одлуката од Постојана резерва на СР Македонија — — — 42
20. Решение за овластување на Републичкиот секретар за финансии да одобрува користење на тековната буџетска резерва на Републичкиот буџет за 1989 година — — — — 42
21. Одлука за изменување на Одлуката за продолжување на важноста на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1988 година — — — — — — — — 42


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**